13.07.2009

**Пред употреба на лекот внимателно прочитај го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.**

Овој лек се издава без рецепт за третман (ублажување) на полесни здравствени проблеми за кои не е потребено совет со лекар. И покрај тоа, треба да го употребувате Венотрекс претпазливо (внимателно) за да Ви биде што повеќе од корист.

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Советувајте се со Вашиот фармацевт ако Ви се потребни дополнителни информации.*
- *Ако симптомите на Вашата болест не се подобрат , тогаш мора да се обратите на лекар.*

**Упатството за пациентот содржи:**


*1. Што претставува Венотрекс и за што се употребува*

*2.Што мора да знаете, пред да го земете/употребите Венотрекс*

*3. Како да го земате/употребувате Венотрекс*

*4. Можни несакани дејства (реакции)*

*5. Чување и рок на употреба на Венотрекс*


**VENOTREX ®/ ВЕНОТРЕКС®** 300 mg капсула,тврда

(*Troxerutin)*

**Состав:**

Една тврда капсула од лекот Венотрекс 300 mg капсула,тврда содржи 300 mg троксерутин (О-β-хидроксиетилрутозиди) како активна состојка, и следниве помошни состојки:

Содржина на капсулата: лактоза монохидрат, скроб од компир, натриум лаурилсулфат, силициум диоксид колоиден безводен.

Капсула:Quinoline yellow (E 104), Sunset yellow (E 110), титан диоксид (E 171), желатин

Назив, седиште и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет

**PLIVA Krakow,**
**Pharmaceutical Company S.A.**
Mogilska 80, 31-546
Kraków, Полска

Назив, седиште и адреса на производителот на лекот

**ПЛИВА Д.О.О.Е.Л - СКОПЈЕ**
Никола Парапунов бб
СКОПЈЕ - МАКЕДОНИЈА

1. **Што претставува Венотрекс и за што се употребува**

ВЕНОТРЕКС 300 mg, тврда капсула: 50 тврди капсули во пакување

Венотрекс е комбинација од четири различни O-β- хидроксиетилрутозиди (троксерутин). Делува заштитно на крвните и лимфните садови.

**Употреба:**

Венотрекс се користи за симптоматично лекување на следниве состојби:

- инсуфициенција на венска или лимфна циркулација, особено во долните екстремитети (чувство на тешки “уморни” нозе, болки, ноќни грчеви, проширени вени);
- во случај кога пациентите интензивно се жалат на тегоби поврзани со хемороиди.

2. **ПРЕД ДА ЗЕМЕТЕ ВЕНОТРЕКС**

Не земајте Венотрекс во следниве ситуации:

- Преосетливост на хидроксиетилрутозиди или некоја од помошните состојки;

- Неподносливост на некои јаглерохидрати.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО * СКОПЈЕ

***Бидете особено претпазливи со Венотрекс.***

Венотрекс не треба да се користи во случај на отоци на зглобовите на нозете предизвикани од срцеви заболувања, заболувања на црниот дроб или бубрезите.

***Земање на Венотрекс со храна и пијалоци:***

Се препорачува овој лек да се земе во тек на оброк.

***Земање на Венотрекс од страна на деца:***

Не се препорачува овој лек да го земаат деца.

***Бременост:***

Консултирајте лекар или фармацевт пред го земете овој лек.
Не постојат податоци за можните неповолни влијанија на овој лек за фетусот.

***Доење:***

Консултирајте лекар или фармацевт пред да го земете овој лек.
Не постојат податоци за можните неповолни влијанија на овој лек врз доенчето.

***Управување со возила и ракување со машини:***

Венотрекс не влијае врз способноста за управување со возила и ракување со машини.

***Важни информации кои се однесуваат на одредени компоненти на лекот Венотрекс:***

Лекот содржи лактоза. Доколку не поднесувате некои јаглехидрати, контактирајте го вашиот лекар пред да го земете лекот.

***Користење на други лекови:***

Не постојат познати взаемни дејства помеѓу троксетурин и други лекови. Венотрекс не го менува ефектот на другите лекови, нити пак истиот влијае (во значителна мера) на резултатите на основните лабораториски тестирања.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО * СКОПЈЕ

## 3. КАКО ДА ЗЕМАТЕ ВЕНОТРЕКС

Доколку не е поинаку препорачано од страна на лекар, лекот треба да се зема на следниов начин:

- Една тврда капсула од 300 mg 4 пати дневно, во времетраење од 2 до 4 недели

Дозите кои се препорачуваат како терапија за одржување, при повторна појава на проблемот:

- Една тврда капсула од 300 mg 3 пати дневно

Терапијата за одржување треба да трае 3 до 4 недели.

*Доколку имате впечаток дека ефектот на лекот е пресилен или преслаб, консултирајте го вашиот лекар.*

***Доколку земете поголема доза на Венотрекс од препишаната:***

Не постојат податоци за предозираност со троксетурин

Во случај на предозирање, известете го вашиот лекар кој ќе наложи испирање на стомак и понатаму симптоматска терапија.

***Доколку заборавите да земете Венотрекс:***

Не земајте двојна доза од лекот за да ја надоместите испуштената доза.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите други лекови, Венотракс може да предизвика несакани дејства

Несаканите дејства се дадени подолу, според следнава фреквенција:
Многу чести 10%+ (повеќе од 1 на 10)
Чести >1% и <10% (помалку од 1 на 10 но повеќе од 1 на 100)
Помалку чести од 0.1% до 1%: (помалку од 1 на 100 но повеќе од 1 на 1000)
Ретки од 0.01% до 0.1% (помалку од 1 на 1000)
Многу ретки до 0.01% (помалку од 1 на 10000)

***Нарушувања на кожата и поткожното ткиво:***

Ретки: осип на кожата, пруритис, уртикарија

Многу ретки: преосетливост на светло, опаѓање на коса

*Гасторointестинални нарушувања:*

Ретки: надуеност, дијареја, болки во стомакот, неправилно варење на храната, потешкотии со стомакот

Многу ретки: гадење, повраќање

***Нарушувања на нервниот систем:***

Многу ретки: главоболки, вртоглавици, умор

***Нарушувања на имунолошкиот систем:***

Многу ретки: анафилактичен шок, анафилактоидна реакција, преосетливост.

***Васкуларни нарушувања:***

Многу ретки: напади на топлина

***Општи нарушувања и состојба на местото на администрирање на лекот:***

Многу ретки: умор, исцрпеност

***Мускулни нарушувања:***

Многу ретки: болки во глуждовите

Во случај да се појават опишаните несакани дејства, се препорачува намалување на дозата на половина или привремено прекинување на земањето на лекот.

*Кај некои лица може да се појават несакани дејства во текот на земањето на медицинскиот производ Венотрекс. Во случај на појава на несакани ефекти кои не наброени во ова упатство, треба да го известите вашиот лекар.*

## 5. КАКО ДА СЕ ЧУВА ВЕНОТРЕКС

*"Лекот чувајте го на места недостапни за деца"*

Да се чува на температура до 25°C.

Венотрекс не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на кутијата.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Начин на издавање на лекот**
Лекот се издава во аптека без рецепт.

**Датум на последната ревизија на внатрешното упатство**

10.12.2008

**Број на одобрение за ставање на лекот во промет**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ